ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
e-mail: snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 2703/23**
Дата: **27/03/2023**
Купувач: С. Неделковска
Рок на доставување: **20/04/2023**

**До:**
E-mail :
Број на страни:
5+2+2+1

| X | ПОНУДА |
|---|---|
|  | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за:

- ✓ **Обезбедување на здравствени услуги;**
- ✓ **Медицинско обезбедување за итни случаи;**
- ✓ **Систематски, претходни, насочени и периодични здравствени прегледи,**

за вработени во ОКТА АД Скопје, согласно одредбите наведени во Прилог 1 и Прилог 2 кои се дел од ова барање.

Со избраната компанија ќе се склучи договор со важност од три години со фиксни цени согласно добиените понуди со вклучен шест (6) месечен пробен период.

Прилози:
- **ПРИЛОГ 1** - Спецификација за Обезбедување на здравствени услуги и Медицинско обезбедување за итни случаи за вработени во ОКТА АД Скопје
- **ПРИЛОГ 2** - Спецификација за здравствени прегледи

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите:

adimitrievski@helpe.gr и snedelkovska@helpe.gr најдоцна до 05.04.2023 год.

**Горенаведените прилози, ќе се доставaт дополнително само на оние компании кои ќе го потврдат учеството на горенаведените е-маил адреси.**

Лице за контакт во ОКТА, за технички прашања:

Катерина Солевска моб.тел.076-422-608
Милијана Георгиевска моб.тел. 076-363-093

**Напомена:**
**Пред да се достави понудата потребно е да се направи увид на Амбулантата во ОКТА со претходна најава кај лицата за контакт наведени погоре.**

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2703/23"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- едниот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот, а
- вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **„ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до четврток 20.04.2023 год**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

**Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

1. Договор со ФЗОМ
2. Тековна состојба не постара од 6 месеци
3. Референтна листа на компании со кои соработувате на слична / иста основа
4. Препораки и склучени договори на најмалку три (3) компании за ист/сличен тип на услуги од изминатите пет (5) години
5. Детален опис на прегледи кои се опфатени со основниот и проширениот пакет на здравствени прегледи, соодветно
6. Типот на брзи ковид тестови (спецификација и останата пропратна документација) кои во моментот на поднесување на понудата, понудувачот планира да ги понуди
7. Со цел гарантирање на важноста на понудата, Понудувачите потребно е да достават и **Банкарска гаранција за важност (сериозност) на понудата** со која понудувачот ќе ја гарантира својата финансиска понуда. Пример од банкарската гаранција (форма и текст)

е дадена како Прилог 3 на ова Барање за понуда. Вредноста на Банкарската гаранција за важност (сериозност) на понудата треба да биде со износ 5.000 ЕУР по среден курс на НБРСМ на денот на издавањето. Важноста на Банкарската гаранција за важност (сериозност) на понудата потребно е да биде + 3 (три) месеци од последниот ден на поднесување на понудите.

**Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се доставaт единечни цени согласно описот даден подолу во табелата:**

| # | ОПИС | Количина | Цена во мкд |
|---|---|---|---|
| 1 | Месечен надомест за обезбедување на здравствени услуги | 36 | |
| 2 | Цена за Медицинско обезбедување за итни случаи | 10 | |
| 3 | Цена за еден брз COVID тест | / | |
| 4 | Цена за Основен пакет-стандарден минимум | 140 | |
| 5 | Цена за Проширен пакет | 570 | |

**Напомена:**

- ✓ Количините наведени во позициите 2,4 и 5 се индикативни и истите може да бидат различни за целото времетраење на договорот
- ✓ Услугата за тестирање со брз COVID тест е дел од месечниот надомест за обезбедување на здравствени услуги- Прилог 1
- ✓ Медицинскиот тим од здравствената установа може да ги користи услугите на организираниот превоз и организираната исхрана за вработени во ОКТА АД Скопје согласно условите за превоз и исхрана на вработените на ОКТА според цените кои ОКТА ги има за своите вработени. Вредноста за превозот и исхраната ќе биде компензирана од вредноста на месечната ф-ра.

* Понудените цени потребно е да бидат без пресметан ДДВ и нема да подлежат на какво било зголемување за времетраењето на договорот, вклучувајќи ги сите релевантни трошоци, индикативно и неисцрпно транспортните трошоци (превоз на вработените понудувачи до и од ОКТА), храна за вработените, патарини, одржување и работна сила, трошоци за безбедност и здравје при работа, осигурување, такси, плати, бонуси и сите други редовни и дополнителни давачки за вработените на понудувачот, ангажирани во обезбедувањето на услугата предмет на ова барање понуда.

**Валидност на понудите:**

Доставените понуди е потребно да имаат рок на важност најмалку **три (3) месеци** од крајниот рок за поднесување на истите.

**ОТВАРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИ**

Отворањето на понуди ќе се врши истовремено од страна на комисија на ОКТА. Во првата фаза ќе се отворат само техничките понуди и се врши увид во доставените документи.

ОКТА го задржува правото да побара од Понудувачите (по E-mail) во рок од три (3) работни дена, од денот на известувањето, да ги достават документите кои не се поднесени. Доколку бараните документи не се поднесени во наведениот рок, ОКТА го задржува правото да ги одбие овие понуди/Понудувачи.

Во текот на оценувањето на понудите, ОКТА го задржува правото да бара одредени појаснувања или доставување на дополнителни документи. Понудувачот мора да одговори во рок од три (3) работни дена од денот на известувањето, во спротивно ОКТА го задржува правото да го исклучи Понудувачот од понатамошна постапка.

Отворање и оценка на финансиската понуда ќе се врши само за оние понуди кои се одобрени во претходната фаза.

**ПРЕГОВОРИ**

По завршена евалуацијата на понудите, ОКТА го задржува правото да пристапи во преговори со претпочитаните понудувач/понудувачи за да склучи договор.
Во текот на оваа фаза, ОКТА може да побара од тие понудувачи да достават ревидирани финансиски понуди во согласност со инструкциите што ќе им бидат доставени на тие понудувачи од ОКТА. Ревидираните понуди може да се достават и преку е-аукција, според упатствата од ОКТА.

**БАНКАРСКИ ГАРАНЦИИ**

**После потпишување на Договорот со ОКТА, избраниот понудувачот е обврзан во рок од десет (10) календарски дена да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на услугата во висина од 10% од проценетата вредност на договорот. Гаранцијата треба да биде издадена од банка, во форма и содржина прифатлива за ОКТА. Важноста на банкарската гаранција треба да го покрие периодот на важност на договорот + дополнителен еден месец.**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- По завршување на тендерската постапка, ОКТА АД Скопје навремено, **но не пред потпишување на договорот со добитникот**, ќе ги извести компаниите-учеснички чија понуда не е избрана. Сепак, ОКТА АД Скопје не се обврзува да го оправда одбивањето на нивните понуди.
- Компаниите кои учествуваат во процесот на оваа покана и поднесуваат понуда, без разлика дали нивната понуда е конечно прифатена или не, нема да стекнат никакво право против ОКТА АД Скопје од оваа покана и нивното учество во неа.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

Поздрав,
Симона Неделковска

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски